ZAJEDNICA UDRUGA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА ДРУШТВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎+385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 30102 - 678 - 82341, Internet : http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Наш број: ЗМ ......./2001 Загреб, 24.02.2001.г.

# З А П И С Н И К

од 5. седница на упраниот одбор на Заједницата Македонцие во Република Хрватска, одржана на ден 30.01.2001. година (вторник) со почеток во 10.30 часот во просториите на Заедницата, Загреб, Масарикова 16.

Присутни: Илија Христодулов, Благоја Јовановски, Иван Качуров, Славица Сагадин, и Добривоја Гиноски , Владимир Крстевски, Никола Илиевски и Вукашин Јовески.
Одсутни : Јован Карпузовски

Со седницата председаваше председателот на Заедницата Илија Христодулов.
Записничари: Никола Илиевски и Вукашин Јовески.

После утврдувањето дека на седницата присуствуваат доволен број на членови на УО и истиот може да донесува правно-важечки одлуки, председателот го предложи следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од четвртата седница. .
2. Информација за извршеното службено патување во Р. Македонија на И. Христодилов и И. Качуров.
3. Именување на организациски одбор за одбележување на 140. годишнина од печатењето на Збирката на македонски песни од Браќта Миладиновци .
4. Финансиски извештаи на друштвата за работата и реализираните активности во 2000. година.
5. Редовно годишно Собрание на Заедницата - донесување на одлука.
6. Разно.

Ад. 1 Записникот од четвртата седница на УО од 25.11.2000. година еприфатен со следните дополнувања и редигирања.

Точката 3.во последниот пасус се редигира, надополнува и треба да глси како следи:

За доделба на на разни признанија на македонисти и други државјани на Р. Хрватска се предлагаат : Академик Славко Михалич, Проф. Др. Борислав

Павловски, Др. Августина Хајдиќ Гулевска, Др. Златко Крамариќ, Алдо Климан, Др. Никола Гроздановски и постхумно проф, Ак сликар Орде Петлески, Др. Тома Прошев и Др. Петар Кепески. За приоритетот и редоследот потребно е да се изврши консултирање со други надлежни институции.

Ад. 2 Информација за извршеното службено патување на И. Христодилов и И. Качуров во Р. Македонија поднесе потпредседателот Иван Качуров.

Истакна дека од приемот во Р. Македонија Во наголем дел се задоволни. извршена е посета на повеќе министарства како и други институции и претставнички тела како во Скопје така и во Битола Велес и Струга.

Од страна на Лицата со кои е контактирано изразена е подршка за помош за подобро и посвечано одбележување на 140 годишнината од печатењето на македонските песни на Браќата Миладиновци во Загреб во 1861. година од страна на ѓаковскиот Бискуп Јосип Јурај Штосмајер.

После воведната информација и спроведената расправа УО ги завзеде следните ставови и заклучоци:

а) Севкупната документација во врска со досегашните активности за поставувањето на бистите на браќата Миладиновци во Ѓаково да се достави до амбасадата на Р. Македонија на знаење.

б) Потребно е да организирање на научен симпозиум на тема творештвото на Браќата Миладиновци со присуство на еминентни научни и стручни лица од Македонија и Хрватска.

в) Се препорача градоначелникот на Струга преку Министерствата за култура и Надворешни работи на Р. Македонија да се ангажира за упатување на писмо на намера од страна на градот струга до поглаварството на град Ѓаково со кое би се иницирала заедничка акција на двата града за одбележување на 140. годишнината од излегувањето од печат на Зборникот на македонски песни.

г) Се истакна потребата градот Велес од Македонија и Самобор од Хрватска да го обноват пријателството, а со тоа и културната и економската соработка .

Ад. 3 За членови на организациониот одбор за одбележување на 140. годишнината од излегувањето од печат на Зборникот на македонски песни.од браќата Миладиновци предложени се и прифатени:

од Република Хрватска

1. Борислав Павловски
2. Горан Калоѓера
3. Славко Михалиќ
4. Благоја Јовановски
5. Илија Христодулов
6. Иван Качуров
7. Борис Морина
8. Представник на католичката црква
9. Представник од МПЦО - Загреб

од Република Македонија

1. Гане Тодоровски
2. Блаже Ристевски
3. Славе Николовски-Катин
4. градоначелникот на Струга
5. претставник на СВП
6. претставник на амбасадата на Р. Македонија во Р, Хрватска

За членови на извршниот одбор се избрани следните лица:

1. Борислав Павловски
2. Горан Калоѓера
3. Благоја Јовановски

4. Сервет Авзиу
5. Вукашин Јовески - секретар

Овој одбор се задолжува за организирање на следните манифестации:

1. Одбележување на 140. годишнината од излегувањето од печат на Зборникот на браќата Миладиновци
2. Меѓународен симпозиум - хрватско-македонски литературни односи низ вековите
3. Организиран настап на одбележувањето на јубилејот на СВП во Струга

Истакната е потребата, извршниот одбор, да настапи пред средствата за јавно информирање (Призма, новини, радио) на тема творештвото на браќата Миладиновци.

Извршниот одбор се задолжува да покрене иницијатива за симнување на спомен плочата поставената од страна на бугарската амбасада во Ѓаково.

Ад. 4 Присутните се информирани дека сем МКД "Билјана" - Задар останатите друштва поднесле финансиски извештаи за работата и реализација на одобрените и доставените парични средства за реализација на активностите во 2000. година.

Констатирано е да најголем дел од друштвата извештаите ги направиле коректно според методологијата на Уредот за малцинства. (Загреб, Ријека, Осијек ,Сплит), додека извештајот од Пула не е изработен према методологијата.

Трошењето на средствата во МКД " Кочо Рацин " - Пула е наведено таксативно.

На присутните членови на Управниот одбор поделена е фотокопија од извештајот за уплата на средства од Уредот за малцинства за декември 2000. година во вкупен износ од 34.000. куни.

Након проведената расправа придржувајќи се кон решенито за суфинансирање на Заедницата во 2000,. година Управниот одбор донесе заклучок доставените средства да се распоредат како што следи:

За МКД "Билјана" - Задар 2.500,00 добиени од Уредот куни не се исплаќаат, бидејќи е исплатена аконтација, а со солидарните средства од 2000,00 куни има добиено 7.000,00 куни што е повеќе од планираните 5.000,00 куни.

За МКД " Браќа Миладиновци" - Осијек 2.500,00 куни за културен аматеризам

За МКД " Крсте Мисирков " - Загреб 4.400,00 куни за културни аматерузам . Одобрени 3.000,00 куни од Уредот и 2.000,00 куни од Управниот одбор . Исплатено е 4.400,00 кн. (600,00 кн. помалку) како би се намалил долгот према Заједницата за исплатените авионске карте за музиката на 2.000,00 куни.

За. МКД " Кочо Рацин " - Пула 3.000,00 куни за културен аматеруизам. Одобрени од Уредот 2.500,00 кн. и 500,00 кн. од Управниот одбор.

За МКД " Илинден " - Ријека 1.500,00 куни за културен аматеризам. Наведениот инос се иплатува како позајмица при што останува долг за патните трошоци на музичарите од Македонија од 1 500,00 куни кој што ќе се подмири во текот на 2001. година.

За МКД " Македонија " - Сплит се одобрени 10.000,00 куни од Уредот. Заклучено е да во договор со друштвото се исплатат 8.000,00 куни како би се надокнадиле непланираните трошоци на Заједницата за патувањата со цел средување на состојбата помеѓу двете друштва. Доколку договор не се постигне да се исплатат простанатите 2.000,00 куни.

Ад. 5 Под оваа точка е заклучено да се согледаат можностите за одлагање на одржувањето на годишното Собрание на Заедницата. Статутот на Заедницата

предвидува одржување на Собранието еднаш годишно. Заради заштеда на средствата да не се свикува повторно УО,.да се направи завршна сметка и контрола од Надзорниот одбор, а потоа со потписи на сите членови на УО да се одреди терминот на одржување на Собранието.

Ад. 6 Разно

Да се иницира средба помеѓу матицата на иселениците од Хрватска и Агенцијата за иселеништво од Македонија за воспоставување на соребота на полето на летните школи-кампови.

Досегашното искуство покажа дека не постио добра хоризонтална соработка и се препорачува во Македонија дописите да се испраќаат на сите заинтересирани страни а посебно до:

Председателот на Републиката, Пемиерот на Владата на Р. Македонија,
Министерството за иселеништво, Министерството за ултура и образование
Струшките вечери -Струга

Да се организира средба во Ѓаково помеѓу абасадорот на Р. Македонија, извршниот одбор и градското поглаварство на градот и се дефинираат активностите за одбележувањето на 140 годишнината од печатењето на песните на Браќата Миладиновци.

НИ/BJ

Секретар

Никола Илиевски дипл. политолог

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ